ПРИЛОГ 5: НАДОМЕСТОЦИ

СОДРЖИНА

Надоместоци За Пристап ........ 2

1. Еднократни Надоместоци ........ 2
   1.1 Надомест за подготовка на одговор на барање ........ 2
   1.2 Надомест за изработка на техничко решение ........ 2
   1.3 Надомест за изведба на техничко решение ........ 2
   1.4 Надомест за отстранување на пречка на оптички кабел ........ 2
2. Месечни Надоместоци ........ 2
   2.1 Месечен Надомест за изнајмување на црева (по тип на црева според описот на услугите) 40, 32, 10/8 и 5/3,5 mm, и по сегмент на пристапна мрежа (примарен, секундарен и агрегациски сегмент – backhaul) ........ 2
   2.2 Месечен Надомест за поставување на резерва оптички кабел ........ 3
   2.3 Месечен Надомест за поставување на резерва оптички кабел заедно со спојница ........ 3
   2.4 Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно (dark fiber) 3
   2.4.1 Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно во примарна мрежа (dark fiber) ........ 3
   2.4.2 Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно во секундарна мрежа (dark fiber) ........ 3
   2.4.3 Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно во Агрегацискиот сегмент (dark fiber) ........ 3

# Надоместоци За Пристап

## 1. Еднократни Надоместоци

### 1.1 Надомест за подготовка на одговор на барање

Надоместот за подготовка на одговор на барање ги содржи трошоците за активностите (работни часови) на одговорните лица во Македонски Телеком АД,  за пронаоѓање на податоците неопходни за да се одговори на индивидуално барање независно од тоа дали Македонски Телеком АД ги има податоците евидентирано или ги нема евидентирано во електронскиот систем.

### 1.2 Надомест за изработка на техничко решение

Надоместот за изработка на техничкото решение во себе ги вклучува сите активности за изработка на техничкото решение, како што се работни часови на одговорните лица, активности на терен, стручен надзор итн. Надоместот за техничко решение е дефиниран за соодветна должна во километри и истиот се однесува на изработката на документацијата за техничкото решение.

### 1.3 Надомест за изведба на техничко решение

Надоместот за изведба на техничкото решение во себе ги вклучува сите активности за изработка на техничкото решение – градежни работи, вовлекување на цевки, поставување на кабли. Овој надомест се пресметува само по фактура за извршената работа, според проектна документација од техничкото решение. Македонски Телеком на Операторот-корисник ќе му достави спецификација со искажана висина на предвидениот надомест за изведба на техничко решение, за секоја услуга поединечно и истата Операторот-корисник треба да ја одобри пред извршувањето на соодветната услуга од страна на Македонски Телеком. Одобрената спецификација е основ за фактурирање на таквите надоместоци кон Операторот-корисник.

### 1.4 Надомест за отстранување на пречка на оптички кабел

Надоместот за отстранување на пречка на оптички кабел во себе ги содржи сите трошоци за изведба на активноста како работни часови за работа на терен и стручен надзор, како и материјалите за изведба на активноста (цевки, кабли, спојници ...). Надоместот за отстранување на пречка на оптички кабел се пресметува по фактура по километар. По извршената интервенција, Македонски Телеком на Операторот-корисник ќе му достави спецификација со искажана висина на предвидениот надомест за отстранување на пречка. Доставената спецификација е основ за фактурирање на таквиот надомест кон Операторот-корисник.

## 2. Месечни Надоместоци

### 2.1 Месечен Надомест за изнајмување на црева (по тип на цревата според описот на услугите) 40, 32, 10/8 и 5/3,5 mm, и по сегмент на пристапна мрежа (примарен, секундарен и агрегациски сегмент – backhaul)

Надоместот за изнајмување на црево во себе ги содржи сите трошоци за амортизација на основното средство (цревата, цевките,окната) како и основните трошоци за одржување на истите. Надоместот за изнајмување на црева се пресметува по километар, за секој тип на цевка посебно, и за секој сегмент

од пристапната мрежа.

### 2.2 Месечен Надомест за поставување на резерва оптички кабел

Месечен Надомест за поставување на резерва оптички кабел го содржи во себе трошокот за обезбедување на просторот во кабелското окно.  Истиот е пресметан за секоја резерва оптички кабел посебно.

### 2.3 Месечен Надомест за поставување на резерва оптички кабел заедно со спојница

Месечен Надомест за поставување на резерва оптички кабел заедно со спојница го содржи во себе трошокот за обезбедување на просторот во кабелското окно. Истиот е пресметан за секоја резерва оптички кабел и спојница посебно.

### 2.4 Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно (dark fiber)

#### 2.4.1 Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно во примарна мрежа (dark fiber)

Месечниот Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно (dark fiber) во примарна мрежа ги содржи сите трошоци за амортизација на основното средство (оптичкото влакно) како и трошокот за просторот за оптичкото влакно. Надоместот за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно (dark fiber) во примарна мрежа се пресметува по километар, за секое оптичко влакно посебно.

#### 2.4.2 Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно во секундарна мрежа (dark fiber)

Месечниот Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно (dark fiber) во секундарна мрежа ги содржи сите трошоци за амортизација на основното средство (оптичкото влакно) како и трошокот за просторот за оптичкото влакно. Надоместот за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно (dark fiber) во секундарна мрежа се пресметува по километар, за секое оптичко влакно посебно.

#### 2.4.3 Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно во Агрегацискиот сегмент (dark fiber)

Месечниот Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно (dark fiber) во Агрегацискиот сегмент ги содржи сите трошоци за амортизација на основното средство (оптичкото влакно) како и трошокот за просторот за оптичкото влакно. Надоместот за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно (dark fiber) во  Агрегацискиот сегмент се пресметува за едно оптичко влакно поради кратката должина на оптичките влакна во овој сегмент (максимална должина е 200м).

### Надоместоци За Пристап

| 1 | Еднократни Надоместоци | Денари |
|---|---|---|
| 1.1 | Надомест за подготовка на одговор на барање за податоци кои ги има во електронска форма | 5.758 |
| 1.2 | Надомест за изработка на техничко решение | |
| 1.2.1 | До 2км траса | 16.267 |
| 1.2.2 | Од 2 до 5 км траса | 32.137 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.2.3 | Над 5 км траса | 45.004 |
| 1.3 | Надомест за изведба на техничко решение | По фактура |
| 1.4 | Надомест за отстранување на пречка на оптички кабел | По фактура |
| **2** | **Месечни Надоместоци** | **ден./месец** |
| 2.1 | Месечен Надомест за изнајмување на црева (по тип на цревата според описот на продуктите) | |
| 2.1.1 | Месечно изнајмување на црево 5/3,5 (по км) – терминиран (секундарен сегмент) | 1.836,30 |
| 2.1.2 | Месечно изнајмување на црево 5/3,5 мм (по км) – feeder (примарен сегмент) | 1.259,44 |
| 2.1.3 | Месечно изнајмување на црево 10/8,5 мм (по км) – feeder (примарен сегмент) | 1.799,20 |
| 2.1.4 | Месечно изнајмување на црево 32 мм (по км) – feeder (примарен сегмент) | 3.838,30 |
| 2.1.5 | Месечно изнајмување на црево 40 мм (по км) – feeder (примарен сегмент) | 4.797,87 |
| 2.1.6 | Месечно изнајмување на црево 5/3,5 мм (по км) – backhaul (агрегациски сегмент) | 1.540,55 |
| 2.1.7 | Месечно изнајмување на црево 10/8,5 мм (по км) – backhaul (агрегациски сегмент) | 2.200,79 |
| 2.1.8 | Месечно изнајмување на црево 32 мм (по км) – backhaul ( агрегациски сегмент) | 4.695,02 |
| 2.1.9 | Месечно изнајмување на црево 40 мм (по км) – backhaul (агрегациски сегмент) | 5.868,77 |
| 2.2 | Месечен Надомест за поставување на резерва оптички кабел | 199 |
| 2.3 | Месечен Надомест за поставување на резерва оптички кабел заедно со спојница | 212 |
| 2.4 | Месечен Надомест за изнајмување на едно неосветлено оптичко влакно (dark fibre) | |
| 2.4.1 | Месечен Надомест за изнајмување на едно неосветлено оптичко влакно во примарна мрежа (dark fibre) за 1 км | 5.049,71 |
| 2.4.2 | Месечен Надомест за изнајмување на едно неосветлено оптичко влакно во секундарна мрежа (dark fibre) за 1 км | 6.171 |
| 2.4.3 | Месечен Надомест за изнајмување на едно неискористено оптичко влакно во Агрегацискиот сегмент (darк fiber) | 939,73 |